# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на** | **23 Јули 2013 година** |
| **Општина Ѓорче Петров** | **Скопје** |
| **Излегува по потреба** | **Бр.11 Год.VIII** |

**www.opstinagpetrov.gov.mk** **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. **Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година……………………………………………………………………………………………………..2**

2. **Одлука за отварање на наменска сметка за донации………………………………………………….4**

3. **Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за санирање на дупки…………………………………………………………………………………………………6**

4. **Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реконструкција на улици……………………………………………………………………………..……………..8**

5. **Одлука за давање согласност за основање на регионален одбор за управување со отпад…………………………………………………………………………………………………..…………………10**

6. **Одлука за формирање на Комисија за процена на штета при елементарни непогоди………………………………………………………………………………………………………………12**


**Јули 2013, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шестата Седница на Советот, одржана на ден 23.07.2013 година.

**Број 08-2309/1**
**од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008), Советот на Општина Ѓорче Петров на 06-тата седница одржана на 23.07.2013г. ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година на следниот начин:

| Потпрограма и назив на потпрограмата / Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинан. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е00 ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 425920 Услуги за копирање, печатење и издавање | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425310 Правни услуги | 270.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и Хардверска опрема | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421320 Телефон и телефакс | 230.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕА0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 486120 Купување на камиони | -1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 Купување на друга опрема | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Ј40 ЈАВНА ЧИСТОТА** | | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈА0 ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 482820 Изградба на капацитети во енергетиката | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЈIА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО РЕОНОТ НА с. ВОЛКОВО** | | | | | |
| 482320 Изградба на пречистителни станици и колектори | -2.050.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 463120 Трансфери до спортски клубови | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2013 година.

**Бр. 07-2268/3**
**Од 23.07.2013**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за отварање на наменска сметка за донации**

Се објавува Одлуката за отварање на наменска сметка за донации, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шестата Седница на Советот, одржана на ден 23.07.2013 година.

**Број 08-2309/2**
**од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 38 став 1 алинеа 12 и член 39 став 2 од Законот за буџети (Сл.весник на Р.М. бр.65/05; 4/08; 103/08; 156/09; 95/2010; 180/2011 и 171/2012), глава IV, точка 17 од Упатството за начинот на трезорско работење (Сл.весник на Р.М. бр. 161/09; 171/10 и 118/12) како и врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл.гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 23.07.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за отварање на наменска сметка за донации**

**Член 1**

Општина Ѓорче Петров во рамките на своите трезорски сметки да отвори посебна наменска сметка за донации.

**Член 2**

На оваа сметка ќе се уплатуваат средствата од правни и физички лица, како донација за помош на настраданите од невремето што ја зафати Општина Ѓорче Петров на 09.07.2013 година.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07- 2268/4**
**Од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за санирање на дупки**

Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за санирање на дупки, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шестата Седница на Советот, одржана на ден 23.07.2013 година.

**Број 08-2309/3**
**Од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на РМ“ бр.79/09), Одлука за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје за санација на ударни дупки („Службен Гласник на Град Скопје“ бр. 8/13) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 23.07.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за санација на ударни дупки**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Ѓорче Петров дава согласност за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје заради остварување на заедничка цел и интерес за санација на ударни дупки на улици во надлежност на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Во остварување на соработката, Град Скопје ќе учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Градот Скопје за период од 2013-2016 година во износ од 9.000.000,00 денари.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Градоначалникот на Град Скопје ќе склучат Договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2268/5**
**Од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за воспоставување на соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реконструкција на улици**

Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реконструкција на улици, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шестата Седница на Советот, одржана на ден 23.07.2013 година.

**Број 08-2309/4**
**од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за Локална Самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на РМ“ бр.79/09) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 23.07.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје за реконструкција на улици**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Ѓорче Петров дава согласност за воспоставување соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје заради остварување на заедничка цел и интерес за реконструкција на крак на ул. Црногорска (од ул.Радушка до ул.Лука Геров) и реконструкција на крак I, II и III кај паркчето пред надвозникот на ул.Лука Геров.

**Член 2**

Реконструкцијата на улиците од член 1 од оваа Одлука ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2013 година во износ од 2.853.166,00 денари и средства од Буџетот на Градот Скопје за 2013 година во износ од 2.853.165,00 денари.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Градоначалникот на Град Скопје ќе склучат Договор во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2268/6**
**Од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за давање согласност за основање на регионален одбор за управување со отпад**

Се објавува Одлуката за давање согласност за основање на регионален одбор за управување со отпад, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шестата Седница на Советот, одржана на ден 23.07.2013 година.

**Број 08-2309/5**
**од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен Весник на РМ“ бр.79/09) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/06), Советот на Општината Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 23.07.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за основање**
**на регионален одбор за управување со отпад**

**Член 1**

Општина Ѓорче Петров дава согласност за основање на Регонален Одбор за управување со отпад преку кој ќе се остварува соработка со општините во Скопски плански регион на Република Македонија за регионално интегрирано управување со отпад.

**Член 2**

Регионалниот одбор за управување со отпад ќе биде надлежен за: утврдување на нацрт на регионален план за управување со отпад, организирање и следење на примената на регионалниот план, организирање на набака и избор на добавувачи и градители за елементите на регионалниот систем, организирање на јавна набавка и избор на оператори на регионалниот систем, одобрување на нацрт предлози за единица цена за третман на тон отпад во регионалниот систем, одобрување на нацрт инвестициска програма за развој на регионалниот систем и активностите на избраните оператори.

**Член 3**

За член во Регионалниот одбор за управување со отпад од Општина Ѓорче Петров се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Начинот на соработката и надлежностите на регионалниот одбор со отпад поконкретно ќе се утврдат со Договор за воспоставување на регионален одбор за управување со отпад во Скопскиот плански регион кој ќе биде склучен од страна на членовите на овој одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2268/7** — **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 23.07.2013 година** — **Претседател**
**Скопје** — **Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за формирање на Комисија за процена на штета при елементарни непогоди**

Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за процена на штета при елементарни непогоди, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шестата Седница на Советот, одржана на ден 23.07.2013 година.

**Број 08-2309/6**
**од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ бр 05/02), член 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров и Уредбата за начинот на работата на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи бр 19-4079/1(Сл.весник на РМ бр 98/05), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 23.07.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање на Комисија за процена на штета при елементарни непогоди**

**Член 1**

Комисијата за процена на штета се формира за утврдување на видот и големината на штетите во физички и вредносни показатели, по територии, средства, време и причина за настанување на штетите и тоа по корисници и сопственици.

Резултатите од процената се користат за утврдување на конкретни мерки за отстранување на настанатите штети како и за утврдување на големината на загубите.

**Член 2**

Проценетата штета се организира на цело подрачје што ја претрпело штетата од елементарни и други непогоди.

**Член 3**

Комисијата за процена на штета е должна да изработи збирен извештај за проценетите штети на територија на Општина Ѓорче Петров и да го достави до Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Комисијата за процена на штета при елементарна непогода се состои од: претседател, 4 (четри) члена од кои 3 (три) члена се од општинската администрација и 1 (еден) член од Советот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 5**

**За предсеодател на Комисијата се избира лицето**
Љубиша Ѓорѓиовски – општинска администрација

**За членови на Комисијата за процена на штета се избираат**

1.Антонио Паунов - општинска администрација
2.Звонко Смиљков - општинска администрација
3.Љупчо Вељановски - општинска администрација
4.Роберт Наумоски - член на Совет

**Член 6**

Мандатот на Комисијата за процена на штети трае колку и мандатот на членовите на Советот.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-2268/8**
**Од 23.07.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**